**ДО**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РМ**

Административна такса 50,00 ден.

**НАЗНАКА: ЗА ИПАРД Јавен Оглас бр. ____________**

# БАРАЊЕ

## за издавање на документација потребна за поднесување на барање по јавен повик за користење на средствата од ИПАРД

Од ____________________________________________________________, со
(име и презиме на физичкото лице/ полн назив на правното лице)

ЕМБГ/ЕДБ______________________________, од град - село ________________,
седиште-живеалиште на адреса______________________________________
______________________________________, контакт телефон ______________ .

За потребата за поднесување на Барање за користење на средства по јавен повик за прибирање на барања за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2007-2013 бр.__________ објавен на _____________год., од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, барам да ми се издадат следниве документи:

| | |
|---|---|
| 1. | **Потврда за пријавени производни капацитети во Единствен регистар на земјоделски стопанства;** |
| 2. | **Потврда за подмирени обврски по основ на склучен договор со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** |
| 3. | **Потврда за упис во Националниот регистар на лозови насади** |
| 4. | **Потврда за упис во Регистарот на производители на вино** |
| 5. | **Записник за старост и сорта на овошните насади** |
| /заокружи го редниот број на документот кој барате да ви се издаде/ | |

**Барател,**
______________________________ , своерачен потпис ____________________
/Цело име и презиме/
**Во својство на** ______________________________________________________
/носител на семејно земјоделско стопанство или одговорно лице на правното лице/

**Дата на поднесување: ______________година**
**Место на поднесување-Подрачна Единица на МЗШВ** ____________________
/место/
[1]

[1] **Образецот на барањето може да се подигне во:**

- **подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (Прилог 1),**
- **веб страната од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство www.mzsv.gov.mk и**
- **веб страната од Телото за управување со ИПАРД www.ipard.gov.mk**

**Упатство за пополнување на образецот Барање за издавање на документација потребна за поднесување на барање по јавен повик за користење на средствата од ИПАРД**

1. Пополнување на **Барањето** е со печатни букви, читко и разбирливо. Доколку пополнувањето е неразбирливо или нечитко, барањето нема да може да влезе во понатамошен процес на обработка.

2. Пополнетото **Барање**, согласно член 37 од Законот за административните такси (Службен весник на Република Македонија бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08 и 06/10) се заверува со административна такса од 50,00 денари и се поднесува во три оригинални примероци во најблиската подрачна единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Во делот назнака од **Барањето**, потенцијалните баратели го впишуваат бројот на јавниот повик по кој се поднесува барањето за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2007-2013.

4. Во делот за податоците од барателот во **Барањето** се внесуваат:

- име и презиме на физичките лица (носител на земјоделско стопанство, носител на семејно земјоделско стопанство, Трговец – поединец, Занаетчии), односно полн назив на правното лице како што е заведено во тековната состојба од Централниот регистар на РМ,
- единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ – од личната карта) за физичките лица или единствениот даночен број (ЕДБ – од даночната карта) за правните лица,
- адреса на живеење на носителот на семејното земјоделско стопанство, односно седиштето на правното лице и
- контакт телефон на кој барателот ќе биде достапен за комуникација во секое време.

5. Во делот од **Барањето** за потребните документи се заокружува редниот број на документите кои се бараат да се издадат од МЗШВ.

6. **Барањето** го потпишуваат подносителите (носител на семејно земјоделско стопанство - физичко лице и одговорното лице на правното лице )

7. Кон **Барањето** за издавање на записник за старост и сорта на овошните насади се доставува поседовен/имотен лист на парцелата за која се бара записник (копија заверена на нотар не постара од 6 месеци) и елаборат со меѓи и граници за површината која се пријавува ( од овластен приватен геометар).

8. Барателот готовите документите ги подигнува од подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во која го поднел **Барањето**. Периодот на издавање на документите изнесува 5 работни дена од денот на приемот на барањето од подрачната единица. Записникот за старост и сорта на овошните насади може да се подигне и по извршениот увид на лице место.

**НАПОМЕНА:**

- Во случај ако земјоделското стопанство не е запишано во Единствениот регистер на земјоделски стопанства или има промена во производните капацитети или други елементи, се применува постапката за упис во регистерот согласно одредбите на Правилникот за форма, содржина и начин на водење на единствениот регистар на земјоделски стопанства (Службен весник на Република Македонија бр.62/08). По комплетирањето на постапката за упис во Единствениот регистер на земјоделски стопанства, барателот може да поднесе барање за издавање на потврдата за пријавени производни капацитети во Единствен регистар на земјоделски стопанства.

  Промени во податоците во регистарот се пријавуваат во рок од 15 дена од денот на настанување на промената.

- Во случај ако барателот не е пријавен во Националниот регистар на лозови насади или има промена во производните капацитети или други елементи, се применува постапката за упис во регистарот согласно одредбите на Правилникот за содржината, формата и начинот на пријавување за упис во националниот регистар на лозови насади ("Службен весник на Република Македонија бр. 140/2008"). По комплетирање на постапката за упис во Националниот регистар на лозови насади, барателот може да поднесе барање за издавање на потврдата.

  Промени во податоците во регистарот се пријавуваат во рок од 30 дена од денот на настанување на промената.

- Во случај ако барателот не е пријавен во регистарот на производители на вино, се применува постапката за упис во регистарот согласно одредбите на Правилникот за формата, содржината и начинот на поднесување на пријавите за регистрација во регистарот производители на вино ( "Службен весник на Република Македонија бр.140/08"). По комплетирање на постапката за упис во регистар на производители на вино, барателот може да поднесе барање за издавање на потврдата.

- Барателот добива известување за неподмирени обврски во кое се наведува основот по кој обврските не се подмирени, доколку податоците за статусот на субјектите во однос на подмирени обврски укажуваат на долг по основ на склучен договор со Министерството за:

а) Договор за концесија за користење на рибите од риболовните води (Закон за рибарство и аквакултура "Службен весник на Република Македонија бр. 7/08"),

б) Договор за земјоделска механизација по Програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија од Јапонска помош и проектите кои произлегуваат од истата,

в) Договор за концесија за користење на дивечот во ловиштето (Закон за ловството "Службен весник на Република Македонија бр.26/09 и 82/09") и

г) Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост (Закон за земјоделско земјиште "Службен весник на Република Македонија бр.135/07 и 17/08").

***ПРИЛОГ 1***

| Бр. | Подрачна единица | Раководители на подрачни единици | Телефон за контакт |
|---|---|---|---|
| 01 | БЕРОВО | Благица Русковска | **033/470-081** |
| 02 | БИТОЛА | Илија Србиновски | **047/237-419**<br>**047/237-063** |
| 03 | МАК.БРОД | Добре Смилевски | **045/274-770** |
| 04 | ВАЛАНДОВО | Крсте Лазов | **034/381-752** |
| 05 | ВИНИЦА | Герасим Димитров | **033/361-319** |
| 06 | ГОСТИВАР | Бујар Мустафаи | **042/214-464** |
| 07 | ГЕВГЕЛИЈА | Соња Поповска | **034/212-708** |
| 08 | ДЕЛЧЕВО | Блаже Костадиновски | **033/413-282** |
| 09 | ДЕМ.ХИСАР | Љупчо Блажевски | **047/276-329** |
| 10 | ДЕБАР | Весел Дука | **046/832-134** |
| 11 | КИЧЕВО | Адријана Лаброска | **045/225-175** |
| 12 | КОЧАНИ | Влатко Минов | **033/272-124** |
| 13 | КР.ПАЛАНКА | Блажа Тодоровски | **031/376-606** |
| 14 | КУМАНОВО | Насер Даути | **031/426-727** |
| 15 | КРУШЕВО | Славица Стефановска | **048/477-359** |
| 16 | КРАТОВО | Зоран Ѓорѓиевски | **031/482-699**<br>**031/482-713** |
| 17 | КАВАДАРЦИ | Зоран Шалев | **043/415-188** |
| 18 | НЕГОТИНО | Ванчо Апостолов | **043/365-299** |
| 19 | СВ.НИКОЛЕ | Николина Стојанова | **032/443-640** |
| 20 | СТРУГА | Зекир Положани | **046/786-433** |
| 21 | СТРУМИЦА | Борис Галев | **034/346-290** |
| 22 | КАРПОШ | Сашо Леонидов | **3065-771** |
| 23 | ГАЗИ БАБА | Горан Треневски | **3226-414** |
| 24 | КИСЕЛА ВОДА | Младен Колариќ | **2779-199** |
| 25 | ЧАИР | Роза Накова | **3612-783** |
| 26 | ОХРИД | Биљана Димитрова-Радевска | **046/262-476**<br>**046/265-592** |
| 27 | ПРИЛЕП | Коста Дурланов | **048/422-571** |
| 28 | ПРОБИШТИП | Ранко Давитков | **032/483-124** |
| 29 | РАДОВИШ | Гоце Трајанов | **032/635-605** |
| 30 | РЕСЕН | Сашко Андреевски | **047/451-467** |
| 31 | ТЕТОВО | Џабир Абдулахи | **044/338-873** |
| 32 | ВЕЛЕС | Антонио Трајковски | **043/231-931** |
| 33 | ШТИП | Ацо Рамбабов | **032/385-071** |